ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/2016) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат сите правни и физички лица на територијата на Општина Битола дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за распишување на:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови**

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на Јавниот повик може да достават Иницијатива за изработка и донесување на Урбанистички планови од чл. 7 ст. (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/2016)

- Иницијативите може да се доставаат во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Битола.
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план или урбанистичко планска документација.
- За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.
- Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.
- Јавниот повик ќе трае 34 дена односно во периодот од 28.09.2016 год. до 31.10.2016 год.

08-1112
22.09.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Д-р. Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk